Заклучоци од третиот Форум на судската власт – 19-20 јуни, 2013 година (Берово)

1. **Да се предложат измени и дополнувања на Законот за судовите во делот кој се однесува на надлежноста на Врховниот суд при решавања во двате инстанци по барањата на странките за заштита на правото за судење во разумен рок**
2. **Сите Апелациони судови да подготват Анализа на напредокот во решавањето на старите предмети од јануари до јуни 2013 година на нивните апелациони подрачја**
3. **Претседателите на судовите да ја контролираат и да ја обезбедат правилната примена на Законот за управување со движењето на предметите во судовите**
4. **Судството во Р. Македонија / Врховниот суд е под постојан надзор во врска со имплементацијата на домашното правно средство за надомест на странките на кои им е повредено правото за судење во разумен рок . и доделувањето на надоместокот.. Плаќањето на надоместокот е на товар на Судскиот Буџет, но, треба да продолжи се додека судовите не обезбеди навремен пристап до правдата за граѓаните**
5. **Планот за развој на ИКТ во судството треба да се дополни со буџетска проекција на трошоците за фазната замена на ИКТ опремата, и да се достави до Судскиот совет, Судскиот буџетски совет и сите судови**
6. **Заклучоците од јавната дискусија „Судски постапки и ефикасност на судовите“ одржана на 22 март 2013 година да се објават на веб страница на Здружението на судии во делот на дискусионен форум за да се добијат коментари и забелешки од судиите до 10 септември 2013 година. Втората јавна дискусија на истата тема ќе се организира во последната недела на септември со учество на судии, јавни обвинители и активни адвокати**
7. **Постои потреба да се подготви посебна анализа за потребите за ИКТ за да се овозможи имплементација на новиот Закон за кривична постапка , кој кќе започне со примена кон крајот на ноември 2013 година**
8. **Надградба на АКМИС која ќе овозможи непречен проток на податоци од основните до апелационите судови**
9. **Апелациониот суд Скопје да достави барање до Работното тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите за да се разреши проблемот со распределбата на предмети (притворски и времени мерки) на посебни совети определени да работат за време на судската ферија(15 јули-15 август)**
10. **Посебен работен состанок со судските администратори од судовите со проширена надлежност да се организира на 10 јули 2013 година на кој ќе се дискутираат прашања во врска со организцијата на работа на судската администрација, намалување на заостатокот на стари нерешени предмети и внесувањето на податоци во АКМИС.**